СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2766/43
28.04.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 10-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на денешен ден 28.04.2022година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 10-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат сите 19 советници.Нема отсутни.
Со тоа констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот денешен дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникод 9-та Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 31.03.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот од 9-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Кој е за усвојување на предложениот Записник од претходната 9-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека едногласно е усвоен Записникот од 9-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

За денешната седница доставен е и Записникотод 2-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 07.04.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на 2-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци. Кој е за.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 2-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

За денешната седница доставен ви е и Записникод 3-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на07.04.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на 3-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Кој е за гласање. Едногласно усвоено.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 3-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес тоа :

1. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година-Прв квартал;
2. Предлог-Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката закомуналенредимеркизанејзиноспроведувањена подрачјетонаОпштинаКавадарци;
4. Предлог-Одлука за општински линиски превоз во Општина Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за давање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на Општина Кавадарци;
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци;
8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;
9. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.7-ми Септември";
10. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив";
11. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула";
12. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„Реконструкција за изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ„ од ДУП за дел УЕ 5, блок 5,9,КО Кавадарци 2;
13. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година;

14. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии;
15. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година;
16. Предлог-Одлука за за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 (Градски Базен) во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање со Предлог-Заклучок ;
17. Предлог-Одлука за судско порамнување (МАЛВП-17/2022);
18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;
22. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година(починат член) ;
24. Предлог-Решение за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Кавадарци;
25. Предлог-Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;
26. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
27. Решение за именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
28. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
29. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година наООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
30. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;

31. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ„Киро Спанџов Брко„ Кавадарци;
32. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;
33. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа;
34. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донирање на парен котел од ООУ „Димката А Габерот„ с.Ваташа, на СОУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
35. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација(Ѓоше Тодоров);

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 36

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација(Милка Миндева)

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (лекување)

Кој е за дополнување на Дневнот ред со оваа точка.Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за предложувањена Дневниот ред за оваа точка.Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за купување на недвижен имот за реализација на Проект-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Дали има некои други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас имам како претставник на советнчката група на СДСМ имам предлог за проширување на Дневниот ред и тоа со точка која ќе ги опфати актуелните состојби во образованието, во основните и средните општински училишта на територијата на Општина Кавадарци. И сметам дека ние како советници сме должни да отвориме една дебата за овие актуелани случувања поврзани со штрајковите и да креираме еден став на Општината во однос на овој проблем.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Да се прошире со точка советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советнички прашања добро. До Градоначалникот така. Во ред. Дали има други предлози за промена на денешниот дневен ред. Добро, со тоа ќе мора да се направе мала кординација.Пауза 5 минути.

Почитувани советници можеме да продолжиме. Прво по однос на предлогот на советникот Јован. Го ставам на гласање. Кој е за. Добро. Значи констатирам дека денешниот дневен ред е проширен со уште една точка на дневен ред. Тоа се советнички прашања кон Градоначалникот предложена од нашиот колега советник Златевски. Во однос на проширување на денешниот дневен ред на предлог даден од советникот Маневски отварам претрес.Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА РАТКА РОСОМАНСКА: Вака јас .. сметам дека не треба да дискутираме за штајкот за наставници. Треба да се дискутира, да се направе еден состанок со претседателите на СОНК и со советниците и да се видеме.. Значи не треба да се дискутира тука мслам дека не е место, затоа што наставнците си го бират своето право, правото за штрајк, а МОН нели треба да си разгледа и да се донесе заклучок, таков како што се бара. Така да сметам дека нема потреба овде да дискутираме моментално.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ:Точката е побарана и од аспект за прекин во некои училишта и процесот на образование. Значи тоа е еден проблем, кој што ние како советници сметам дека треба да дискутираме на една седница. Затоа е побарана точката.

СОВЕТНИЧКА РАТКА РОСОМАНСКА: Ние како наставници сакаме да се вратиме нели во клупите со децата. Ние сме родители, но сметаме дека треба да се седне да се разговара на таа тема и да се донесе заеднички заклучок. Ние како Совет сметаме дека нема што да донесиме. Можеме да имаме само некој состанок со претседателите на СОНК и со советниците и да се видеме до кај оде таа цела работа.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ:Јас како дел од Советот нели на Општина Кавадарци исто така не се согласувам со оваа точка да биде ставена нели како дополнителна точка на Дневен ред поради една причина, а тоа е ние како Совет и ние како советници, исто така и како Локална Самоуправа не можеме да допринесеме и да смениме нешто во врска со штрајкот . Тоа треба да биде поставено да се води дискусија, како што се води нели во секоја земја помеѓу претставниците на СОНК и ресорното министерство т.е. Министерството за образование и таму да се донесат тие одлуки што треба да се донесат, инаку ние како граѓани и јас еве како жител на оваа општина секако дека сакам нормално да се одвива наставата во сите општински средни училишта во нашата општина, но треба нели исто така да ги разбереме и барањата на наставниците и професорите кои што се дел од тие образовни институции. Се согласувам со колешката Росомански. Подобро би било и поконструктивно би било да се закаже некој во вид на работен состанок со дел од претставници од СОНК,регионални претставници и претставници од училиштата, па и дел од Министерството за образование, да се дискутира и да се проба да се најде некое решение.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници, медиуми и граѓани. Сега да не ги збуниме работите да се изјасниме и да дискутираме во насока секој како мисли. Едната страна мисли едно, другата друго, третата скроз па трето. Не е целта ние да го спречме штрајкот. Значи штрајкот е со сите норми регуларен и има оправдување штрајкот. Зависи од кој аспект го гледаш, али нема оправдување да децата останат без завршена година или да останат неписмени и целта лична моја, на мојата советничка група е Градоначалникот може заедно со администрација и со директорите од школите да најде некој модул децата да идат во школо, да земиме некој со договор професор, да ги дотуркаме пошто некои професори работат. Имаме информација дека Индустриското, Шумарското половина од професорите работат, пола не . Колешке не од место. Немаш право да ми збориш.Јас од Претседателот очекував и вонредна седница за оваа работа и не сакаме да добиеме политичка димензија, да добиваме или да губиме поени. Засегнати сме сите како родители и сакаме децата да учат. И едните и другите.Дај да најдиме такво решение, прифатливо за двете страни, да не се мешаме, да викаме луѓе од СОНК. Тоа е политика. Не. Не ни треба. Нека си тераат тие својата работа, нека си штрајкуваат, ние наш начин да најдиме да не ги оставиме децата. Како што овие одат во градинки и да не останат без школо. Многу е кратко времето. Треба да оде на факултет. У 5 дена треба да го решиш проблемот да добие диплома. Дел од наставниците што идат во школо и овие што не идат ако може да му најдиме профили во градот со хитни и неодложни имаме буџет да ги платиме по некој динар, да извадиме од некоја друга ставка пари да ги платиме тие неколку луѓе да ја довршат децата годината. Овие нека си штрајкуваат колку што сакаат. Колега да завршам. Не е целта да земиме страна подршка на штрајк или неподршка. Тука некаде да ги вртиме дискусиите во тој дел. Да не бидеме погрешно разбрани. Има начин, не да нема начин. Значи ние сме свикувале хитни седници за 50 луѓе да им покачиме тезга по 100 денари, а за ова Претседателот не свикал хитна седница. Очекував хитна седница и сега е моментот да се договориме, да биде точка на дневен ред, да издискутираме. Ако не друго барем да речат граѓаните на Кавадарци барем се потрудија да одат нашите деца на школо, а не најдоа решение, пошто не се компетентни, или не можеа да најдат, или нема решение, а да не ги дискутираме, да викаме во покасно време во август време, сега хитно треба во дава дена да го решиме проблемот. Ни во август месец, децата не идат во школо. Колеги да се запнме сите, да ги издискутираме работите и дали можеме да најдиме некое мало решение, колку што можеме, колку што дава законот. Тука ми е целта. Претседателе на тоа мислев. Тоа мие излагањето и ве замолувам и вас и Градоначалникот да се договорите како што се договоривте за

претходна седница свикавте хитна седница, Градоначалникот помудар беше се скри, те исфрли тебе да направиш хитна седница и заврши таа работа, не дадовме подршка на таа работа. Сега даваме подршка

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас пошто бев повикан, значи предлогот за точкаѕта мислам дека досега како Локална Самоуправа и како Градоначалник и како служби од Локалната Самоуправа не сме во тек со ништо за текот на штрајкот во делот на Министерството за образование, ниту пак во делот на СОНК, не знаеме кој што бара, не знаеме кој колку дал, единствено што имаме информација тоа што гледаме од медиумите или на телевизиски вести. Гледам дека има некои договори, пазарење 10%, 12%, 20, 18, ние можеме да разговараме за тоа што знаеме со колку критериуми. Прво и основно за хитно, неодложливо се знае начинот на барање на хитно, неодложно што значи, тоа значи во дел на не дај боже отсуство оправдано, неоправдано наставникот кога бил или било што тука не можеме ништо да направиме на таков начин да донесиме нови наставници да функционират и работат. Второ гледаме од вчерашните медиуми пак дека дел од директорите во Кавадарци повикуваат на децата да одат на образование, дека нема штрајкови, од друга страна гледаме дека реалноста не е таква и ги ставаме и децата и родителите во заблуда . Јас не би навлегувал повеќе во оваа тема, мислам дека сме прво некомпетентни, второ нестручни, а трето ниту пак информирани да навлезиме да го решаваме овој проблем. Локално не можеме да го решиме, прво зошто не е локален штрајк, него е генерален, државен штрајк на СОНК. Ако мене ме прашаш, да повикувам, сите наставници да се солидират, да се вратат во настава, да ја довршат учебната година, апосле учебната година во уште помасовен штрајк да влезат и поагресивен во делот на нивните барања, меѓутоа тоа е мое мислење лично. Јас тука не можам да дискутирам за понатаму. Јас имам двајца ученици кои што сакам да одат на училиште и да учат и го оправдувам да се вратат наставниците и да учат децата од утре, не од понеделник, меѓутоа пак ќе кажам не можам да влијаам на таа одлука, пошто е на повисоко ниво и ние гледаме ситуација во сабота се договаараат, во понеделник не важи договорот, а не знаеме што договарат. Така да не знам што би разговарале. Подржувам да се поканат Претседателите на синдикатите на локално ниво, мислам дека има и за основно образование и за средно образование при СОНК. Подржувам да се отворе дебата да разговараме со нив, не мора тоа да биде седница, нека биде и јавна дебата, нека се приклуче и образовниот кадар и соодветни лица, меѓутоа мислам дека не може да се издвоиме од државата и да го решеме тоа локално во ниеден случај. Не станува збор за финансиски средства, не станува збор за ништо друго.Крајниот интерес е децата да си ги завршат учебните години. Тоа е. Верувам сите го

подржувате и краен интерес е тоа, меѓутоа како да го изнајдиме тој начин не гледам.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник баш со оваа дискусија се слагам со вас, да ја ставиме како точка и ние да дискутираме колку можеме и како можеме не е битно, битно е да видат родителите дека Градоначалникот сака децата да учат, дека Претседателот сака, дека советниците сакат и тоа има влијание на наставниците.Да ја ставиме точка да дискутираме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас не го гледам првен отпорот за да се ставе одредена точка на дневен ред и да се дебатира.Ние како Совет во Општина Кавадарци го имаме тоа право да предложиме точка на Дневен ред и на крај таа точка да ја изгласаме со одредени заклучоци. Значи сме правеле и сме прадлагале тука точки на Дневен ред, што исто така апсолутно Општина Кавадарци немала никаква ингеренција во однос на одредени работи, пак сме ги дебатирале тука и сме ги разговарале. Јас мислам дека и тоа за многу помали работи во однос на оваа работа.Тука се работе за деца, тука се работе за ученици, кои што не одат на школо, коишто 2 години заради ковид криза немаа нормално образование и не може така да се апстрахираме ние од тија проблем и да речиме видете оваа тема нас не не интересира, тоа наставниците имат право. Ок, си имат право на штајк, меѓутоа дај да најдиме начин како ние како Совет, као Општина Кавадарци да овозможиме откочување на образовниот процес. Мислам дека на крајот од тоа инатење, на крајот колатерална штета се децата.Јас не знам зошто е проблем да се отворе тоа и да се дискутира тука на Совет на Општина Кавдарци. Па кај да се дискутира таа работа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Господа вака значи имаме дополнување на Дневен ред со заклучоци, имаме таква за езерото, имаме таква за лозарството и повикавме релевантни институции, со кои ќе разговараме. Тука не може власта и опозицијата да си седат и да го решат проблемот ...ќе направе 2 недели, а тој проблем се провлекува уназад 5-6 години. Значи наше право е да се дискутира, меѓутоа со релевантни фактори пред се со чинители од СОНК, од регионални подружници од општински и средни училишта и министерство. Ние кога разговараме за лозарството, не разговараме со себе, го викнавме Министерот, кога разговаравме за Тиквешкото Езеро не разговаравме сами со себе викнавме релевантни институции од Скопје. Значи од тија аспект сметам дека овој проблем што настана меѓу СОНК и Министерството за образование е реален проблем, меѓутоа добро би било да се направе еден состанок кај што ќе се повикат пред се регионалните претставници на СОНК, тоа е се што можиме да направиме.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи вака дискусија се отвори а вие не сакате да дискутирате. Сега демократската, парламентарна ВМРО ДПМНЕ демонстрира против отварање на дискусија за бранењето на работничките права на работниците во образовните нституции. Дали точно го сваќам јас воа. Целта на тоа што вие сакате сега да избегнете дискусијата тука институционално е тоа да се свика состанок на кој што ќе доминират ВМРО ДПМНЕ и вмровистите у СОНК за да можете вие тоа да си го присвоите. Значи идејата на советникот е да институциоанално имаме дискусија. Вас ве одбрал народот за да го слушне вашето мислење. Дајте му на народот мислење.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи процедуралното мое барање е токму поради оваа работа. Точката беше предлог од страна на колегата советник. Точката треба да се стави нели на гласање дали се прифаќа или не, а после тоа ние околу таа точка доколку се прифати да биде на Дневен ред да дискутираме. Колегата спомна ВМРО-висти, СДСМ-висти. Значи не сме тука да водиме политиканство за овакви значи теми кои што се чувствителни. Станува збор за деца кои што губат од настава и никој од нас не сака тие деца да губат од таа настава, но од друга страна ние како Совет, како институција немаме право и немаме можност да придонесиме нешто за да се прекине тој штрајк. Не сум грешка. Значи се знае каде треба да се реши проблемот. Просветните работници како сите работници во оваа држава, во Р.Македонија имаат уставно загарантирано право да штрајкуваат. Значи нивниот проблем може да се реши исклучиво меѓу претставниците на тие просветни работници, а тоа е СОНК и ресорното министерство, Министерството за образование, тука е и Владата која што треба да каже дали ги прифаќа или не ги прифаќа тие барања на овие просветни работници. Затоа процедуралното ми беше, да ја ставиме на гласање. Ако се прифати тогаш ќе се дискутира околу оваа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи не е точно дека не може ние ништо да превземиме. Дали може ние како Совет да ја ставиме оваа точка на гласање, да помине, да се отворе дебата, да на крај утврдиме одреден заклучок, у кој што ќе влезат дали заклучок разговор со синдикати, дали разговор со директори, дали препорака наша од Совет на Општина Кавадарци како тело да продолжи образовниот процес. Како тоа не може ништо да направиме.Како наше мислење, како заклучок. Тоа право го имаме да го донесиме. Проблемот ваш е што не сакате да разговарате во

однос на оваа работа си е ваша работа, меѓутоа никој не го споре загарантираното право на работникот да штрајкува, никој не го споре тоа, меѓутоа дај да најдиме начин како да го откочиме образовниот процес, меѓутоа гледам дека нема волја ниту да се разговара за таа работа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакам објективно да кажам неколку работи, вие како сакате сватете ги. Работата е раштимана. Работата е раштимана од првиот ден на овој Совет и од првиот ден на формирањето на Советот, па до денеска. Вие барате кога е тешко и кога е тешко да се помогне.Да и јас барам кога е тешко да се помогне, а не да се политизира и да се праве политики и на штета на граѓаните. За жал од ваша страна таква соработка нема. Сега барате од советниците да се ставе точката. Сум да се ставе, да се дебатира, да се разговара и кажав утре да се вратат децата во образование. Тоа е мојот став, оти сум објективен, не сум субјективен, меѓутоа сакам да цитирам 3 работи кои што прво говорот на омраза и разнебетувањето на македонскиот народ, а поготово во Тиквешијата се враќа назад, кое што ви го викате некакво време, а вие сега го стварате, конкретно се обраќам кон советничката група на СДСМ. Имате висок претставник од СДСМ, истакнат и цитирам негов коментар на ваш пост во делот на Претседателот на ОО:

Зошто го блокирате Законот за образование. Ти Јованчев, си гледаш само за тебе, за твојот џеб, да си ја доправиш викендицата која е дивоградба во Катуниште. Цитат која е дивоградба во Катуниште, тебе Јованчев ВМРО те вработи во ЕВН, после неколку години си замина со огромни опремнини, Тиквеш врата, нишај врата, зимај плата 2000 евра, блокирање, неработење, обични членови. Јованчев ти си еден манипулатор и патриот лажен. Тоа се лични навреди и лични обвинувања. Твоја лична објава,не ми се мешај во говорот.Твоја лична објава Вуко Мелов. Наш сограѓанин се повреди во жардинерија, очекуваме побрзо закрепнување на граѓанинот одговорност мора да има поднеси бре. За кој одговорност да има. Ќе имаш ти одговорност затоа што не знаете што зборувате. Кај вас е гневот и омразата собрана на една страна према другата страна, а барате солидарност и барате работа. Не.Преиспитајте се самите себе. Нема проблем за соработка. Немојте на дневни бази на политиканство. Кога разбрате дека човекот од здравствени причини ја удари жардинеријата, а не жардинерата у него. Кога видите дека има сообраќаен проект дека таму може да има жардинерија, кога рековте дека сме потрошиле граѓански пари. Не

донација е жардинеријата направена , не се граѓански пари, се ви паѓа во вода. Е сето тоа оде на личен гнев и омраза. Зошто не го гласаш Кварталниот Извештај на Општината. Зошто Буџетот не го гласаш и политизираш. Затоа што е успешен. Да негативно го гласаш или воздржано. Нема соработка. Тоа сакам да ви доловам и да ви кажам ако сакате соработка. Смири се, ќе ти дадат збор. Ако сакате соработка работете имате соработка. Со вакви ситни дневни опструкции и лични навреди и фрустации едни према други, мислам дека тониме како општество,не децата, не образованието, не наставниците, сите тониме.Ниеден нема да има интерес, кој што има објективни причини да застане тука и да зборува тука, да работе нешто јавно кога го напаѓаме неосновано и го критикуваме. Не е коректно. Не е коректно затоа што сме имале,јас 4 години работев со мнозинство на СДСМ, а јас бев опозиција со ВМРО ДПМНЕ , па не сум имал некаков проблем. Значи не е до партијата, не е до ВМРО, не е до СДСМ, до луѓето е , ти гарантирам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Еве до Претседателот на ОО Комитет на ВМРО извинување од мое име и од име на цела политичка партија СДСМ за коментарот на наш член.Мислам дека не е местото тоа тука да се чита, меѓутоа Градоначалник кога ќе почнете да ги читате коментарите, ќе треба да ги читате коментарите кои што ги оставаат стимулирани од ваша страна на наши прес конференции и да видете какви погрдни коментари таму се пишуваат, ќе ве отепаме, ќе ве обесиме, ваков, таков. Прочитајте ги, видете ги. Видете ги .Види ги. Ти само ги гледаш селективно. Селективно ги гледаш. Се читаш.На мои прес конференции си ги читал ли коментарите. Си ги читал ли. Епа. Зошто не го осудиш тоа. Има. А дали мислиш ти дека ова е стимулирано од моја страна, пошто така беше.Добро. Тоа е еден момент. Вториот момент пошто забега малце дебатата. Мојот став беше дека тие работи се опасни по безбедноста во сообраќајот. Јас како што гледам и втората жардинера, овакво што е, зелени остров го отстранивте. Зошто го остранивте, требаше да направите колку, 9,10. Така ви беше проектирано. Зошто го отстранивте ако тоа било добро и безбедно решение за граѓаните.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани предлогот на Маневски за дополнување на Дневниот ред го ставам на гласање. Кој е за предлогот на Маневски да се ставе на Дневен ред. 9. Колку се против.10 против. Со тоа предлогот не е ставен на гласање.

Одиме со целиот Дневен ред на гласање. Кој е за. 11 за. Кој е против. 5.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Господа секој има легитимно право како советник. Значи неговото поведение го гледа наротот. Со таквиизрази демократијата зрее.Он ќе остане непрепознаен.

Одиме кон 10-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Повели процедурално Валентина.Еден воздржан. Во ред.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани медиуми,почитувани граѓани. Сакам да ви укажам дека не се почитува Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци. Во член 57 став 2 прецизно стои дека заедно со поканата за седница на членовите на Советот, ќе биде доставен и целокупниот материјал во однос на точките на Дневниот ред. Ова е 10-та седница и овој член секоја седница е прекршуван. Како највисок орган во Општината, а со цел да не се претвориме значи во параван за гласање на предлог- одлуки барам почитување на член 57, став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани одиме кон реализација на првата точка на Дневен ред.

1. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година-Прв квартал;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни.Според Извештајот доставен за извршување на буџетот во првиот квартал можеме да видиме дека извршувањето на буџетот во проценти изнесува 18% за тековно Оперативниот биланс и 14% за Капиталниот биланс. Ние вчера го разгледавме на Комисија за финансирање и сакам да кажам мое мислење во врска со овој извештај. Значи бидејќи станува збор за првиот квартал, значи оптимално извршување на буџетот е 25%, а ние имаме 18, односно 15% за Капиталниот биланс.Значи не ни е остварен буџетот и можеби 18% и не изгледа така лоша бројка, кога би земале во предвид дека станува збор за првиот квартал во кој влегува и месец јануари, кога е како месец може и имаме мали приливи и остварување на помали приходи и реализација на помали расходи, односно инвестиции, но кога би направиле една анализа во самата структура на остварување на буџетот ќе видиме дека ситуацијата е малку полоша од тоа што изгледа со 18%.Заради тоа што на некој начин се подобрува овој процент со приливите по основ на кредити. Значи имаме остварено приливи во износ околу 30 000 000 кредит за градба на

Градскиот базен или остварен процент на планирани кредити за оваа година во првиот кваратал е 56% .Наменските дотации се оствaрени 24%, значи оптимално, во делот на самофинансирање исто така имаме половина остварено од планираното. Тоа се 13%.Тука не знам дали во наредниот период ќе може тој дел да се надополни, можеби има некои приходи што не се наплатени во првиот квартал, па се надеваме дека ќе имаме поголем прилив во наредните или во наредниот кваратал. Кај донациите имаме голем, мислам имаме големо промашување односно само 6% остварено. Дали се планирани во наредните квартали тоа ќе ја следиме состојбата до крајот на годината или имаме планирано поголем износ на донации. Сепак тука немаме ние влијание нормално како администрација и како Совет и како Општина заради тоа што тоа зависи од можностите и од желбата на фирмите што сакааат да донираат во Општина Каваарци . За нас како Совет од посебна важност е значи основниот буџет. Според основниот буџет ниезначи имаме остварено 11 %или вкупно имаме 60 000 000, од планираните 520 000 000, тоа е нормално на годишно ниво, но за првиот кваратал требаше да имаме остварено приближно 25%.Значи процентот е навистиа мал и треба да се насочиме во наредниот квартал да имаме остварување над оптималното 25% за да можиме да го оствариме буџетот во што е можно поголем процент. Во делот на трошењата значи оптимално 25% или приближно 25% имаме кај тие трошоци што се неминовни, значи што не можиме да ги заобиколиме, а тоа се платите, придонесите за плати, привремените вработувања и некои трансфери и донации. Значи во другите програми, во другите ставки имаме мали проценти на остварување 3,4,5, во голем дел имаме и 0%, можеби нешто од тоа ќе биде планирано во наредниот квартал, а веројатно нешто е и направено и не е платено во овој кваратал. Оставено е како обврска да се плате во наредниот период кога се очекува поголеми приходи. Поради тоа имаме и зголемување значи и на самите обврски и според образец К2 значи Општината завршува со обврски од 138 000 000.Тоа се обврски над 60 дена. Годината ја завршивме со 88 000 000. Сега имаме 138. Значи обврските се зголемени за 50 000 000, кои што треба да се подмират исто во наредниот период. Значи ни остануваат доста обврски, доста работа, во 2-иот, во 3-иот кваратал за да можиме да го исполниме буџетот во процент што би бил на задоволително ниво.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Советот, почитувани колеги, почитувани медиуми. Најтешко е кога се врши анализа на првиот квартал од работењето, дали било тоа на правно лице, мислам дали било тоа на друштво некое или на Буџетот на Општина Кавадарци. Тешко е затоа што сите знаеме, а јас добро знам дека во првите 2 месеци од годината, јануари, февруари многу тешко

оде наплатата. Наплатата оде многу тешко. Буџетот од што е составен.Од приходи и од расходи.Значи ако нема приходи, нема ни расходи. Овие бројки што се внесени во кварталниот извештај навистина се многу мали. Станува збор за бројки од 5,85 од 13,09, од 11,55 остварување редовни буџетски приходи 11,55. Тие се многу минимални бројки. Врз основа на таквата приходна страна и расходната страна предизвикува да ние имаме многу ниски бројки на расходната страна.Во процент се многу мали. Колешката што го спомна кваратaлниот извештај К2 и тоа е вистина дека од 88 000 000 обврски на крајот на 21-ва, сега на крајот на март месец имаме 138 000 000, меѓутоа од информациите што ги имам со раководителите на финансиското одделение при Општина Кавадарци видно е дека приходите што се настанати на крајот на март месец и во текот на април месец предизвикаа да овие обврски значително се намалат . Ако ние сега правиме на 30.04. пресек сликата ќе биде многу подруга, ама отом потом. Факт е сега дека го анализираме првиот кваратал 31 март и факт е дека тука имаме многу слаби бројки. Од овој квартален извештај повторно може да се забележи дека многу работи што ги напоменував и пред тоа и често пати го спомнував и реализирањето на ЛЕАП-от. Еден Акционен план кој што е од големо значење за нашата општина дека во овој дел за првите 3 месеци нема ама баш ништо преземено за тија дел. Сакам да напоменам дали да одиме со заклучок. Како предлог давам или на наредниот Совет да се поставе нова точка на Дневен ред, каде што ќе се ангажират или ќе се задолжат еколошките друштва на кои што им е одобрено некои средства кои се во можност да помогнат при отпочнувањето на реализацијата на овој Акционен план. Не сакам да се доведиме до ситуација како и многу години наназад да носиме закон, а да не го применуваме, да носиме програма, да не се применува. Ако тоа беше од стратешко значење за нашата Општина и ние сите се радувавме кога го донесовме тој Акционен план, кој што е резултат на повеќегодишна работа на повеќе години на стручњаци, екипи што беа ангажирани. Сакам тоа да се реализира. Од Раководителот на Секторот пред некој ден, вчера или завчера бевме информирани дека немат доволно кадар за реализирање, за отпочнување на реализација на тој проект. Затоа предлагам да се отпочне со работа и ако треба да се одвоат дополнителни средства за да на крајот на 6-ти месец има со што да се пофалиме.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитувани граѓани, Претседател на Совет, администрација, Градоначалник. Во делот за првиот квартал за 2022 година, односно првите 3 месеци, ги разгледав приходите и трошоците односно нели во буџетското работење се работи за приливи и одливи на средства. Значи според мене максималниот износ доколку еден кваратал се подели е нели 25% , овде

имаме приходи во износ од 18, 74% или 208 642 000 денари или расходи од 17,58%. Значи сметам дека овие бројки во услови на оваа криза, голема инфлација, каде што тешко се собират и приливите и одливите, сепак се задоволителни, бидејќи знаеме дека и државата и другите општини се изработуваат и ребаланси и во ова тешко време на економска криза, значи тешко време се планират, односно се предвидува планирањето. Сепак сметам дека Општината некои нерационални трошења се задржала и не прави големи трошоци во некои ставки каде што не се потребни. Како што гледам во реализирањето на патни и дневни расходи процентот е 4, 52%. Значи се воздржува од некои непредвидени трошоци, реализирани расходи, некои за поправки ситни 4,09%, значи ситен инвентар 5,85%, дел кај што има реализирање за купување на мебел кај што било предвидено 1 601 000 денари 0 денари. Значи во делот на капиталните расходи, иако нели не е исполнет тој број до 25% гледаме има намалување во некои опреми, машини, во делот кај што е најпотребно односно градежни објекти во износ од 214 000 000 предвидено се исплатиле, односно градежни објекти се изградиле за 37 618 000 денари или 17,54% и тој процент го прати процентот на приливот односно приливот 18,74%. Значи исто во делот каде што беше го гледам и за репрезентација е максимално намален тој дел. Значи непотребните трошоци се намалени и тоа е за пофалба во ова кризно време бидејќи не треба да има некои трошоци што не се рационални, а сепак е задржано некое ниво на градежни инвестиции. Тоа се гледа на дело. Во делот на извештајот К3 сакам да кажам дека тука има за пофалба едни бројки, бидејќи ги гледам кредитите што биле земени во износ биле од вкупните кредити, кои се работи за кредити за подобрување на општински услуги, за реконструкција на коловози, булевари, за изградба на Граадски пазар земени биле во износ од 190 647 000 денари, но гледаме сега дека има исплата на вкупно 37 177 000 000 денари или вкупните обврски на Општината се за долгорочни кредити 153 470 000 денари. Значи гледаме едно намалување за 37 000 000 значи редовна отплата на тие кредити, а се работи за капитални објекти и тие кредити исто како кај кредитите во извештајот К3 за јавните претпријатија ЈП Комуналец, ЈП Паркинг, значи вкупните кредити и обврски кои што биле исто за набавка за изградба на Петта Мини Хидро Централа, КФБ проект за изградба односно реконструкција на нови улици, КФБ2 нова фаза изградба и реконструкција на улици, Комерцијална банка кај што имаше кредит, знам за Паркинг за купување на возила, исто и во Комуналец, за обновување на возниот парк вкупната вредност на тие набавки бил 106 411 000 денари и се извршило намалување односно исплата на тие кредити во износ од 20 351 000 денари и сегашниот износ со завршување на кварталот е намалување на таа долгорочна обврска 85 060 085 денари, значи се

извршило големо намалување. Сметам дека значи иако се земени нели кредити, тие редовно се исплаќаат и гледаме дека тие се во интерес, односно се стават во функција на граѓаните и редовно се надмируваат тие обврски и сметам дека кварталниот извештај е врз основа на ова бурно време каде што државата е во голема тешка економска криза и состојба сметам дека имаме коректна солидна реализација . И ќе бидам, гласам за за овој квартален извештај.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги од она што можеме да го видиме во првиот кваратал, гледаме дека има одредени потфрлувања во делот на реализација на буџетот, конкретно во делот на она што претставува вкупни оперативни тековни приходи кај што има 11% реализација, во самофинансирачките акции имаме 13% реализација, е најдобра ни е реализацијата за кредити 58% као прилив на средства, кај даночните приходи имаме 16% реализација, вкупно за се она што како данок го собира Општина Кавадарци и имаме сериозно потфрлање кај неданочните приходи, кај што 1,1% претставува реализацијата на приходите. Од она што можам да го видам јас од К2 извештајот е дека од декември месец од 88 480 000 денари доспеаните, а ненадмерените обврски се зголемени за 138 762 000 денари и се слагам со колегата Јован дека во однос на оние приливи кои што ги доби Општината од страна на комуналии, кој што беше договор кој што се гласаше на претходната седница мислам дека тука ние како Општина во еден магичен круг, од кој што излегување нема, значи се оди во еден процес на постојано носење и давање на одредени маркици за градба се со цел да се појачаат комуналии, се со цел да се зголеми данок за имот, се со цел да на крај се обезбедат доволен број на средства за да може да се сервисираат овие обврски и тоа се прави на едно форсирано ниво, а не на еден природен начин на развој на градот и на еден хуман развој на градот и мислам дека со еден таков процес ние ќе како Општина Кавадарци бркајќи ги бројките постојано ќе добиеме еден бетонизиран град.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Една мала реплика од мене до советникот Вуко Мелов во однос за таа бетонизација. Гледам последните 2 совети се форсира како проблем, односно правење на маркици за градба на згради, бидејќи како политичка опција тие ја имаат централната власт, јас би го насочил ова, го гледам кварталниот извештај, кога читам во реализирани расходи од привремени вработувања би било покорисно ако може да издејствува како централна власт и како координатор на советничката група на СДСМ заедно со централната власт да издејствуваат трансформација на решенијата од определено време во градинката Рада Поцева, бидејќи најголем број средства одат таму за доброто на сите и оти еден дел од тие средства се

одвојуваат токму за тоа. Ние минатиот месец имавме расправа околу оваа тема и вака би го охрабрил ако може да ја искористе функцијата да направе едно добро дело за буџетската трансформација на работните односи, иако знам дека барањето е доставено до финансии, меѓутоа да ја искористе функцијата што ја има.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ако гледаме од институционален аспект јас сум обичен советник како сите вие, меѓутоа со сет мој авторитет и оваа позиција која што ја имам иницирам да сето тоа се заврше многу побрзо. За твоја информација и во други институции во Општина Кавадарци кај што има недостаток на кадар сеуште се водат одредени луѓе на договор на дело, на договор на определено време. Значи не е само проблемот кај што постојано се потенцира детската градинка. Се согласувам дека е еден од проблемите, меѓутоа треба да знаеме дека и во другите институции еве ќе ви каже Весна за во ПИОМ. И таму има потреба од вработени, меѓутоа со тек на време мислам дека во однос на таа работа нема да има проблем заради тоа што согласностите се пуштени од страна на Труд и Социјала и мислам дека ќе ја завршат таа работа и во финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Најголем процент од трошковите за расходите за привремени вработувања одат за градинката.Јас ја спомнав градинката како најолем трошач на тие привремени вработувања. Од тој апект ми беше зборот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во делот на Агенцијата за времените вработувања и советникот од Левица имаше убаво излагање пред два совети и јас го подржувам во целост дека Агенцијата за времено вработување е само агенција за времено вработување во делот на неопходните кадри или луѓе кои што треба да ги надминаме проблемите за да го решат проблемот, а нас ни стана пракса и практика тоа да биде на некој начин трајно решение и да биде повеќе од 2, 3 години кои што не ги добиваме тие согласности за решенија и покрај тоа што Кавадарци изгради нова градинка и се пушти во функција заедно со централната власт, на чело со тогашната министерка и беше ветувано дека 25-те вработувања ќе бидат веднаш по пуштање на градинката дадени како согласности. Кога нешто градиме и трошиме пари, да не ставиме кадри за да функционира мислам дека не е во ред и сега доколку ние како Општина ги повлечиме нашите времени вработувања од Агенцијата за времени вработени во градинката, треба да ја затвориме новата градинка и пак ќе дојдиме во колапс, ќе дојдиме до ситуација дека некој опструира и ќе се нарекуваме на некој несоодветен начин. Мислам дека во тој контекст беше на Рамов дискусијата, а трошокот е енормно висок во делот на Агенцијата за времено вработување како буџетски средства, лични на Општина Кавадарци кои што ги дава или вака би ти кажал дека некаде вредноста на градинката која што се натегаат кој

ја изградил и кој ја платил кошта 50 000 000 денара, а нашите времени вработувања кои што директно се импард од буџетот на Општина Кавадарци се на годишно ниво 25 000 000 денара. Тоа е 50% од вредноста на тој објект, така да треба да се земе во обзир цела ситуација да тие времени вработувања бидат стварно времено вработувања со времен карактер, а не да бидат засегнати страните,,пошто пак ќе се доведиме во ситуација да тие луѓе на кои што статусот не му е решен да излезат недај боже на штрајк или да опструират или да не дојдат на работа, пошто тогаш веќе ќе имаме сериозен проблем.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Еве на пример како Совет на Општина да делуваме институционално, дајте да изгласаме одлука и да пуштиме до Министерството за финансии како препорака во однос на решавање на тоа прашање.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас прошлиот пат ви ги дадов овие кои што Општина Кавадарци институционално ги пушти до Министерство за одбрана, Министерство за труд, Министерство за култура, за образование, секаде каде што имаме недостаток по однос на согласноста и невработени лица. Можно е како заклучок еве да има поголема тежина и од Советот, али заедно со тие наши дописи, ние добивме само одговор од Министерството за култура дека во наредниот ребаланс Министерството за култура ќе си ги предвиде како средства за тие времени вработувања се предвидат како дотации во делот на вработувања. Од другите ресорни министерства немаме добиено одговор. Значи кога реков од 25 000 000 не мислев само на градинката. Тука ни се недостаток на средства, ова вака од мои лични сеќавања околу 4 000 000 денара годишно за пожарникарите, некаде во делот на градинката ни се 43 или 44 вработени преку Агенција за времени вработувања и тие се некаде околу 12 или 14 000 000, во Дом на културата се некаде околу милион денари годишно, во Музејот, Винаријата мислам дека дека се околу 600 000 така да кога ќе ги собереме вкупно кои што фалат и се финансираат од Општината 25 000 000 денари на годишно ниво. Можеби како советничка група покрај тоа што ги добивте еве Раководителот на секторот да ги извади нашите дописи кои што ги имаме пратено и заедно како Заклучок на Совет да уште еднаш го пратиме до ресорните министерства вклучувајќи и Министерство за финансии.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор првата точка е исцрпена и со Заклучокот предложен од советникот Вуко Мелов ја ставам на гласање.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: ПосебноЗаклучокот.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи предложената , прва точка ја ставам на гласање. Кој е за усвојување на Квартален Извештај за

извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година-Прв квартал. Кој е за. 11 за. Кој е против. 5 против. Воздржани. 1 воздржан.
Заклучокот предложен од советникот Вуко Мелов го ставам на гласање. Кој е за. Заклучокот до ресорните министерства.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако еве Чиркова провере пошто за таа точка беше даден извештај на Општина Кавадарци, Заклучокот да гласи мој предлог одбијте го кварталниот извештај по основ на времени вработувања, дека е тој процент и таа и таа сума и биде поврзано со втората точка, а причината за тоа е нерешените статуарни потреби на вработените во делот на институциите. Да биде како заклучок, поврзано со трошокот на кварталниот буџет. Мислам дека може да се поврзе.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Дали тие луѓе што се со договор, тие се луѓето што работеа во градинките за време на штрајкот, што ги згрижуваа децата. Заслужуваат значи.
ГРАДОНАЧАЛНИК: За време на штрајкот морам да ве исправам нашите градинки на територија Општина Кавадарци работеа во целост. Општина Кавадарци на чело со мене си зема за обврска да прави контрола на секоја градинка интерен контролор и тоа со присуство од 06-9.30 при приемот на децата дали се врши некаква опструкција или дали се врши некаква манипулација. Такво нешто не е увидено. Тоа беа 7 или 8 луѓе во сите клонови кои што ги има градинката, вработени од Општината со решение дадено и по прекинот на штрајкот веќе немаме потреба да го правиме тоа на дневна основа. Во делот на детската здраствената заштита имаме комплетни ингеренции и така ни беше посочено од министерството. Инаку за информација за време на штрајкот кој што беше спроведен во делот на градинката дневно се примаа по 470, 500 дечиња во градинката. Сега кога штрајкот е прекинат дали тоа е повеќе мотивација за самите родители незнам, еве прв ден денеска или завчера, ова е од денеска 647 деца. Така да дечињата во градинка ниту во еден момент не беа изложени, а поготово луѓето вработени преку Агенцијата за времени вработувања пошто немаа право на штрајк имаа полно работно време, другите се ротираа за да може да ги згрижуваат децата.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Нема заклучок.

1. Предлог-Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи почитувни според оваа одлука треба да префрлиме средства од буџетот на Општина Кавадарци на ЈП Паркинг Кавадарци во износ од 6 000 000 денари, од кои што 5 000 000 денари ќе бидат за учество за набавка на патнички моторни возила автобуси, а 1

000 000 ќе бидат за учество за набавка на опрема софтвер за патнички моторни возила автобуси. Значи ние со буџетот одлучивме да Општина Кавадарци набави автобуси дали Општина Кавадарци или некој од јавните претпријатија, да набави автобуси со кои ќе се организира и училишниот автобуски превоз и нормално ќе се вклучат во редовни општински линии. Тогаш со буџетот ги испланиравме 9 000 000 денари и бевме, не го одлучивме, во тој момент не одлучивме како ќе оди набавката, но нашата идеја како советничка група беше да се набават автобусите со сопствени средства, да се види можноста колку автобуси може и бидејќи со тие 9 000 000 веројатно ќе беа малку,но сепак требавме да најдиме начин да обезбедиме сопствени средства.Зошто тоа го велам. Заради тоа што многу пати досега се пофалуваме дека во изминативе 4,5 години значи буџетот на Општина Кавадарци е драстично зголемен 3 пати, 4 пати, во споредба со претходно, значи имаме приливи по различни основи градот наш, значи станува збор и многу пати како еден од побогатите градови, како побогата општина која што нема проблем со реализација на сите активности, па со оглед на тоа што веќе имаме кредитни задолженија и како Општина се задолживме за Градскиот пазар, ЈП Комуналец има исто кредитни обврски, Паркинзи знаеме дека и Паркинзи стартуваше со кредит, значи редно беше сега овие автобуси да ги набавевме со сопствени средства, да смогниме сили во рамките на самиот буџет, можеби требаше и да почекаме и наесен или пред почетокот на учебната година, тогаш да се најде начин да одиме со сопствени средства, заради тоа што набавката на автобуси, значи оди со лизинг, тука имаме дополнителни месечни обврски во наредните, мислам дека беше образложено 5 години, значи ЈП ќе треба Паркинзи да плаќа по 700 000 денари, така мислам дека беше износот за лизинг. Тоа е дополнително оптретување за ЈП Паркинзи, а сето ова го правиме се со цел да Паркинзи застане на едни поздрави финансиски нозе, значи посигурни финансиски приходи да има, приходите се мали, со ова ќе ги зголемиме, ама од друга страна ќе ги зголемиме и расходите. Сметаме дека, тука не бевме вклучени како советничка група во начинот на одлучување значи како да оде набавката на овие автобуси, но нашето мислење е тоа.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Целта на купувањето на овие автобуси и доделувањето на овие паричнин средства на ЈП Паркинзи е сето со цел направено за тоа да Паркинзи добива уште една дејност, проширување на својата дејност . Целта на автобусите што ги купуваме и средствата што досега беа оделувани од 15 000 000 денари за превозот на ученици во нашата општина сите тие средства нема да одат на досегашните фирми

кои што го вршеа превозот, туку ќе одат директно на средства на ЈП Паркинзи. Повикувате зошто не е земен кредит, туку е лизингот. Па кредит.Велите зошто Општината требало да го земе во нејзина сопственост да земе кредит, а не е земен кредитот оти поволностите за лизингот за тие 4 автобуси е многу поголем. Што значи тоа. Веднаш како Општина ние не можиме да си го повратиме, ако Општината се јави како директен набавувач на тие автобуси, Општината нема право да го поврати ДДВ-то, а ЈП како ЈП има право да си го поврати ДДВ-то од 18%. Исто така со лизингот се загарантирани каското осигурување, целосната одговорност ја зима лизинг компанијата и сите бесплатни сервиси што се вршат во текот на овие 5 години. Сметаме дека многу поисплатливо и порентабилно е да бидат на лизинг неголи да ги купе Општината, ради тоа што ќе не може да ги покрие, тие се малку средства и пак да се задолжуваме со друг кредит, а лизингот е многу подобро решение.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи вака не реков дека на кредит. Кредитот е помош, начин на набавка од лизинг, лизингот има сопствени предности, значи спомнав со сопствени средства. Набавката нека оде пак преку Јавното претпријатие, тоа не е спорно. Средствата ќе ги префрлиме од ЈП Паркинзи, само со сопствени сопствени средства и ќе може да се поврати данокот, тоа нема да биде спорно. Каско може да си ги осигураме и тоа не е спорно. Значи спорно е само што треба да се о безбедат поголем износ на средства, со кои ние треба да ги набавиме тие автобуси, да нема воопшто лизинг.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Значи усогласувањето во делот на набавката на автобусите мислам дека е едногласно. Тука немаме дилема. Начинот на набавката го менацираавме подолго време, правевме Филзибилити истражувања, економски истражувања, испитувања на пазарот и дојдовме до заклучок комисиски дека најдобро е заради експолатацијата на автобусите, која што ќе биде масовна, да бидат нови автобуси, да бидат минимално со 5 години гарантен рок, да бидат еколошки, да не одиме со половни автобуси како што беше првично разговарано пошто половните автобуси може од денеска за утре, едноставно да го немаме како автобус. Во делот на квалитетот на децата за средно и основно образование сигурно многу, многу ќе се подобри транспортот на самите дечиња, меѓутоа клучниот момент и клучниот фактор е што Кавадарци и регионот на цела територија на Општина Кавадарци ќе добие соодветен јавен превоз за кој што и извршивме една јавна презентација, која што ја гледавте како советници. Во моментот имаме 19 автобуски постојки, доградуваме уште 15. Значи ги зафаќаме сите урбани месни заедници и селските средини со уште 15 автобуски постојки . Јавниот превоз кој што е планиран исто да се врши од септември заедно со учебната година со

школскиот, а и тоа ќе го појаснам зошто, е ставен да биде со две линии, ставен да биде на секоја автобуска постојка, на секоја автобуска постојка на 37-39 минути има автобус. Така да секој да си го планира своето време. Ставен е да има, од ми се чине 7 наутро до 19 часот, секој ден вклучувајќи ја и сабота, освен недела. Тоа ќе биде еден благодет на жителите на Општина Кавадарци, вклучувајќи ги и висорамнинските села, планинските и приградските села, комплетно во општината . Зошто лизинг. Зошто да ги набаве ЈП Паркинзи. Од гледна точка дека ЈП е новоформирана компанија која што ја погоди и ковидот и сите други пандемии кои што ги имаше овие две години, беше како претпријатие најпогодено, меѓутоа во последните 3 недели и со отварање на Градскиот пазар и со подобрувањето на раздвиженоста на жителите на Општина Кавадарци драстично е подобрена финансиската конструкција на ЈП, кое што веројатно ќе го видете во вториот квартал на самото претпријатие Паркинзи и во делот на услугите на граѓаните кои што користат паркинзи. Стигнавме некаде до 2700, 800 пораки на ден. Тоа беше за време на пандемијата 400- 300 пораки смс, кои што граѓаните ги сервисираат во делот на Паркинзи. Мое лично размислување е ако ги купиме автобусите и му ги дадиме, без никаква обврска на Паркинзи, ќе немаат никаква мотивација , ниту пак стимул за нешто да ги мотивира, да бидат порационални, продуктивни, добри и да направат добра реализација. Анализата која што е направена е направена да оперативниот лизинг биде на 5 години или 60 рати. Тие 60 рати со самата ингеренција или услуга која што ја дотираме до ЈП да ги возе основните и средните училишта нивниот месечен приход е некаде околу 1 400 000 денара. Од 1 400 000 денари они имаат финансиски лизинг, односно опреративен лизинг ќе биде, не финансиски од 700 000 денари за враќање на рата, така за загрозувањето 50% од делот на вкупните приходи само од деца ќе му биде можност да си ја враќаат ратата на оперативниот лизинг. Второ сите други приходи, коишто ќе ги направат по основ на наплатување на градски карти, на месечни, на реклами на автобусите и другите работи ќе дојдат како дополнителни приходи, нормално и дополнителни трошкови. Проектирањето дека јавното претпријатие, вклучувајќи ги и децата дека ќе биде со позитива и ќе го отплате лизингот од самото работење како дејност и од таму е дојдено до ситуација да не ги заробуваме парите на граѓаните по основ земени на данок на имот, на комуналии или било што, ги намениме ненаменски за купување на возила, него наменски ги вратиме на граѓаните во изградба на комунална инфраструктура, изградба на други содржини кои што се неопходни во делот на граѓанството. Оперативниот лизинг значи дека автобусите со самото набавување фактура ќе добие во целост ЈП Паркинзи во вкупна вредност на

автобусите, ДДВ-то од 18% за тоа што ќе му биде дејност и е повратно ќе си го вратат како ДДВ и понатамошниот приход кој што ќе го прават нормално ќе си плаќат ДДВ и ќе си враќаат ДДВ и ќе функционира. Автобусите ќе бидат сопственост на ЈП од првиот ден кога ќе ги набавае, ќе можат да си рачунат амортизација од првиот ден, значи нема да бидат на лизинг компанија финансиска него опрeративен лизинг значи да бидат сопственост на ЈП. Амортизацијата на еден автобус по критериуми кои што ги гледавме е некаде 8-10 години, значи амортизационен план за автобусите ќе имаме 10 години, така да што наредните 5 години ќе му биде чист приход после лизингот на ЈП ПАРКИНЗИ. Обврската која што му ја створаме е само благодет на Општината и е во интерес на учениците и на еден град кој што ќе добие јавен превоз, квалитетен, да може секој еден да движе, а со тоа имаме многу придобивки, да не ги раскажувам и во делот на екологијата и во делот на социјалата и во делот на овозможувањето на луѓето за транспорт, така да мислам дека немаме никаква грешка во тој дел. Ако мислевте дека треба да чекаме до септември да одвоиме буџетски пари за да вложиме директно во купување на автобус, јас мислам дека таа одлука не е мудра, пошто зошто 30 или 40 000 000 денари да ги затвориме во делот на купување на автобусите за првиот ден, а после пак екстра приход да праве ЈП, па тие пари да ни ги враќа во Општината назад. Инаку сите ЈП-ја одговорноста и обврската ја делегира Општина Кавадарци и нормално за секое задолжување на ЈП дава согласност и Општина Кавадарци, така да не бегаме ние од таа обврска и одговорност .Во делот на она што го спомнавте за пазарот е земен кредит, тука се оде со лизинг, да можевме и таму да одиме со лизинг, ќе изнајмевме пазар, ама тоа е основен капитален објект. За основен капитален објект финансирањето е кредитно. Тука во делот на материјални средства, подвижни можеме да одиме со лизинг и според сите економски, финансиски анализи и трошкови кои што настануваат во делот на рационалноста лизингот оперативен е исплатлив, а доколку некој тоа го аргументира на друг начин јас би прифатил да разговараме на таа тема, доколку има поевтин начин за да ги набавиме тие автобуси, а притоа да не ја загрозиме комуналната изградба и да не го загрозиме развојот на градот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ:Во дел на говорот и на колешката Весна Ѓорѓиева е скоро истиот мој говор кога го образложував во еден дел велам, кога го образложував амандманот кој што беше поднесен од наша страна. Јас сметав дека ЈП Паркинзи на начинот и на основите на кои што беше поставено мислам дека беше на среден рок неодржливо и добро е што еве гледам прошируваме дејности, прошируваме и со уште една друга дејност . Тоа е јавното осветлување, покрај општинскиот превоз. Нашата идеја беше

тогаш да тие автобуси се купат од страна, значи не беше наведено дали се половни или не, ставивме одредена сума се со цел да како идеја го предложиме и да од нашите сопствени средства купиме автобуси и да организираме јавен превоз и да организираме превоз на деца до училиштата, за која што намена трошиме енормно високи средства, на крај гледаме дека се променува и тоа се направи со претходниот ребаланс на буџетот кај што направивме промена и тој Амандман едноставно кој што беше од наша страна гледаме дека сега се оди со инаков начин на набавка на автобуси за јавен превоз и тука е нашето несогласување единствено во тој дел, во делот на начинот на набавката, инаку идејата и беше потикната од наша страна и еве гледам добро е што, мислам барем во тој дел да се даде предност на јавен превоз е во ред, меѓутоа начинот на набавка сметам дека не е во ред, може да се најде начин со трансфер на средства до ЈП Паркинг да тие пари не се изгубат и јас колку што гледам тоа ако ние им дадиме одредени средства на Паркинзи не значи дека тие не одговараат , тие на крај повторно идат со извештаи тука да одговарат пред нас, еден момент. Втор момент гласавме ли точка да добивката од ЈП Комуналец се префрли во буџет, значи тоа како опција стои секогаш, да се направи истото и тука, ако мислите дека тоа е пречка во тој дел .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само мала корекција, мислев да они имат обврска секој 20-ти да обезбедат средства и тоа да им биде обврска...

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ:Кога се набавува некое материјално средство може да биде набавено врз основа на сопствени средства, врз основа на кредит или врз основа на лизинг. Тука веќе станува збор меѓу кредитот и лизингот, лизингот е секогаш поповолен, од мое искуство што гледам водиме сметководство на повеќе 30-тина транспортни фирми, кои што во последните 7,8 години кои и да имат средства сепак зимат транспортни, купуват нови камиони на лизинг, не сакат да си ги затворат готовите средства кога некое Волво, Мерцедес му дава можност на лизинг.Е сега во наши услови кога имаме економска криза, светска и да имаме средства јас би гласал пак да одиме на лизинг.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Имаме ли средства. Тоа прашање да си седеме дома. Никогаш вишок пари нема. Доволно нема. Ќе скратиш од друго место. Јас пак ќе кажам 40 000 000 набавка на автобус, тоа е негде 15% од вкупниот основен буџет на Општина Кавадарци, да ги затвориме парите 15% за автобуси, а некој ни дава на лизинг, мислам дека не е оправдано за граѓаните, али добро јас сакам еве кажува советникот Мелов неколку пати потенцира дека негова е идејата во делот на јавен превоз, да имаше и ти идеја и ние имавме Програма за јавен превоз за деца и советникот Јован, верувам дека и Левица и еве нека биде твоја идејата, ќе се реализира до крај твоја заслуга и да биде ЈП одговорно како што треба. Јас лично ти

благодарам за идејата и за обврската која што ни ја даде да го реализираме цел проект, на крај да биде издржлив и да опстане и да биде долгорочен, барем додека сме тука ни, после други ќе носат веројатно исти или подруги одлуки.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник вашиот цинизам. Наша работа како советници тука е да предлагаме амандмани, да дебатираме, јас така ја сфаќам мојата работа, така да јас само кажав дека Амандманот е предложен од наша страна. Ете така. Тоа беше.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве јас пошто мила фаца имам, убаво изгледам,може кога зборувам вака милно, тебе тоа ти личе на цинизам. Апсолутно нема цинизам. Никогаш. Транспарентно отворен до крај. Се што имам ќе кажам и уште еднаш благодарам за Амандманот и за моето доградување да го завршам чекорот за набавка на автобуси, пошто сам не ќе можав да влезам во оваа работа со 600 000 евра инвестиција. Тоа е сепак храброст, ветар во грб за да влезиме во делот на јавен транспорт и обврска .. пошто е голема работа и ќе биде запишана во историјата .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани исцрпена е точката на Дневен ред. Ја ставам на гласање.

2. Предлог-Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Кој е за. 12 за. Против 5.

3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ:Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци. Според оваа одлука во член 136, во став 3 давателот на услуги ЈП Паркинг Кавадарци, после алинеја 3 се додаваат нови алинеи 4 и 5 кои гласат Одржување на јавно осветлување и јавен општински превоз. Градоначалниче кога веќе изразивте благодарност за Амандманот за јавниот општински превоз, мислам дека треба да изразите благодарност и за предлогот за одржување на јавно осветлување советникот Мелов на третата седница, на третата редовна седница даде предлог посочувајќи една општина друга во нашата држава која што има проширување на дејноста на ЈП токму во овој дел на одржување на јавното осветлување. Тогаш вашиот коментар беше дека тоа е економски неисплатливо, а сега гледаме дека се проширува дејноста токму во тој правец.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи благодарам. Не дочекавте да се заблагодарам и да дадам благодарност. Тоа ни беше целта и на нас. Тоа беше следна точка. Еве читам на Дневен ред. Да значи благодарност и за таа работа, значи само уште едно да дополниме.. со Заклучок ја носиме точката. Да појаснам зошто е Заклучокот. Значи за да знаете објективно верувам и дека ќе се запознаете. Ние договор со ЕВН имаме до 30.07. Договорот во моментот наш е со одлична цена за набавка на електрична енергија и немаме проблем во делот на високата берзанска цена во електричната енергија во моментот. Ова е ставено како точка со Заклучок. Доколку во месец 6, 30 дена пред истекот на рокот ЕВН треба да ни даде нас понуда и ако ни даде понуда, а цените останат вакви берзански 100 евра, 150 евра по kw ние во тие случаи ќе имаме неповолна понуда или ќе треба да плаќаме скапа струја, x3 или x2 од денешната цена. Во тој случај затоа што Регулаторна Комисија има донесено подакти во Законот да се префрле јавното осветлување на ЈП не поголемо од 20, извинете, 50 вработени и од 5 000 000 приход годишен ќе влезе под Регулаторна Комисија на регулиран пазар. Тоа значи ќе плаќаме енергија како домаќинства. Значи само заради тоа го правиме ова не го правиме од оправдана, издржлива економска ситуација сепак тоа ќе биде пак исто како што сум го кажал, него само заради ако цената на Берзата остане многу висока како што е сега да влеземе во повластена тарифа на регулиран пазар како што се домаќинствата и градинките. Ова е изнајдено решение помеѓу Регулаторна Комисија, Владата и ЗЕЛС, не е измислено од мене, веќе е практика во Струмица и практика во Општина Велес спроведена за можат да бидат под регулиран пазар на набавка на електрична енергија . Тоа е цел на точката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Истата точка ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за општински линиски превоз во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за.

5. Предлог-Одлука за давање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара збор некој . Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор .Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Не бара збор, ја ставам истата на гласање. Кој е за.

9. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција и пренамена на постојан објект во Кавадарци на ул.7-ми Септември";

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

10. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив";

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

11. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула";

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

12. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„Реконструкција за изградба на сервисна улица „Вељко Влаховиќ„ од ДУП за дел УЕ 5, блок 5,9,КО Кавадарци 2;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

13. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

14. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, колеги советници, медиуми, почитувани граѓани. Јас би сакал оваа точка да ја пофалам како таква затоа што првпат во историјата се

дешава финансирање на Здружение кое што врши промоција на лозарството и винарството на Тиквешијата и пошироко. Значи ги охрабрувам и од овде сакам да ги охрабрам сите други да земат активно учество преку ова Здружение да се направи се она што е потребно, за да може лозарството и винарството во нашиот крај да стане едно од поатрактивните земјоделски производства. Сметам дека сега еве добивме една покана која што ќе биде финансирана од Советот на Општина, треба да биде финансирана од Советот на Општина Кавадарци, а тоа е промоцијата на автохтоната сорта станушина која што е наша, таа е наша автохтона сорта која што треба да ја промовираме и со неа треба да бидеме горди, да се гордееме. И за оваа точка јас предлагам да ја гласаме едногласно, да се подржи и да се продолжи со овој позитивен тренд.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на малите семејни винарии мислам дека тука добро е што Општината одвојува одреден буџет за одредена промоција на мали семејни винарии, меѓутоа мислам дека уште треба да работиме. Малите семејни винарии мислам дека се иднината на овој регион и мислам дека можеме многу повише да работиме во делот на развој на вински туризам и со тоа полека, полека решавање на проблемите коишто ги имаме на пазарот на грозје и на вино и мислам дека претставуваат еден сериозне потенцијал во оние земји, коишто се незнам Хрватска, Србија има сериозн број на мали семејни винарии, коишто работат и коишто сериозно придонесуваат во однос на решавање на тие проблеми и мислам дека претставува еден сериозен потенцијал развојот и овозможувањето на физички лица да може да се регистрираат и да може да основаат своја винарија, да влезат во одредена институционална рамка во делот на сопственото производство и овакви мерки и проекти мислам дека треба и во иднина уште повеќе да работиме со цел нивна промоција, со цел решавање на она што претставува наш проблем овде во Кавадарци.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

15. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

16. Предлог-Одлука за за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 (Градски Базен) во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање со Предлог-Заклучок ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може да ни образложите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Тоа е 16 точка за јавно давање за закуп на базенот. По пат на електронско гласање ќе биде. Кој е за.

17. Предлог-Одлука за судско порамнување (МАЛВП-17/2022);

Кој е за.

18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.6/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.4/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Ја ставам на гласање. Кој е за.

20. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно.

21. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за трговија, услуги, производство и транспорт "Тиквеш Инвест" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

Кој е за.

22. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Кој е за.

23. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година(починат член) ;

Кој е за. Едногласно усвоена.

24. Предлог-Решение за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на Советот за подршка на женско претприемништво и жени менаџерки во Општина Кавадарци се предложени: Пенка Мукаетова, Јанинка Чупарковска, Веселинка Јанчева, Љупка Тодорова, Благица Велкова, Василка Печкова, Роска Клинчарова, Леонора Анѓелкова, Елена Грижева, Катерина Арсовска и Билјана Ташева. Вкупно 11 члена.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за.

25. Предлог-Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите се исто така 11 члена и се предлагаат следниве: Дарко Митков, Мери Парчева, Димитар Каракулев, Цветанка Камчева, Јоана Коцева, Михајло Михајлов, д-р Стојанчо Рамов, д-р Тони Нешковски, д-р Павле Маневски, Билјана Ѓорчевска и Круме Богевски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно.

26. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на Управниот Одбор на детската градинка „Рада Поцева„ од Кавадарци се состои од: членови кои што се од Министерството за образование, член претставник од Рада Поцева и членови претставници од Советот како и претставници, членови на Управниот Одбор од детската градинка Рада Поцева. кои што се: Милица Кабранова, Трајанка Митрова, Ратка Гркова, Василка Дрварова, Елеонора Ѓорѓиева Атанасова, Верица Јованова и Даниела Секулова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Двајца воздржани.

27. Решение за именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови се именуваат Марија Спанџова, Мануела Јошева, Кристина Ангелова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за.

28. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан.

29. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година наООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Кој е за. 16 за , 1 воздржан.

30. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во Годишниот план има предвидено вработување на едно лице завршени сметководствени услуги и треба да се издвојат средства до крајот на годината, некаде околу 450 000 денари. Јас не се слагам со тоа. Тоа се премногу средства. Не сакам да ја потценам некоја колешка или колега кој што би бил таму. Не е наведено дали ќе има уверение овластен сметководител, не се наведени причините и за да се заштедат тие средства предлагам ако треба, ако се согласите јас без надокнада, моето сметководствено биро ќе ги врше сметководствените услуги на Средното Музичко училиште.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Јас сега првпат ја слушам дискусијата за Годишен План за вработување. Ве молам проверете пошто мислам дека имаме веќе

вработено лице за ова основно и средно образование во делот на водењето сметководство. Јас мислам дека имаме 2 вработено лица. Така да проверете го тоа да не се дуплираме во истите работи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пауза 5 минути.( Пауза)

Почитувани советници продолжуваме со Дневниот ред, односно 31 точка, со тоа што 30 точка ќе почекаме да на крајот од седницата биде присутен и дојден Директорот на СОМБУ„Лазо Мицев Рале„ . Одиме со 31 точка.

31. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ„Киро Спанџов Брко„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.1 воздржан.

32. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

33. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

34. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донирање на парен котел од ООУ „Димката А Габерот„ с.Ваташа, на СОУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

35. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Тоа е 35 точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. 5 против.

36.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација(Ѓоше Тодоров);

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

37.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација(Милка Миндева)

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

38. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (лекување)

Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање.

39.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.(социјално загрозено семејство)

Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање.

40. Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци.

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

41.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за купување на недвижен имот за реализација на Проект-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство.

По оваа точка дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена. Со тоа останува 31.

Директоре од страна на наш советник од Советот на Општина Кавадарци сакаме појаснување околу, имате доставено до Советот на Општина Кавадарци Предлог –одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци, Кавадарци . Може ли да ни кажете накратко во однос на ова барање ваше за План за вработување.

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Добро прашање. Мислам дека ќе појаснам. Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе, почитувани советници. Овака значи во нашето ООМУ ние ова работно место не е побарано сега со нашата систематизација, значи од поодамна е барано такво вработување со една цел која ние имаме во нашата општина двајца сметководители кои ги држат сите училишта основни и средни школи. Вие како Совет ние пренесуваме ваши барања со давање согласност за нови вработувања, од вас ја имаме добиено согласноста која оде во Информатичко општество и имаме добиено План од Информатичко општество за такво работно место. Значи Планот ни е одобрен, но уназад неколку години, ова го правиме заради она што зборимe дека има потреба за средно школо, школото веќе не е како што беше со 12 наставници, сега се 36 наставници, значи имаме потреба од такво вработување, кога ќе дојдиме во делот на финансиите не ни се одобрени и ние секоја година тоа го обновуваме и ни стои во систематизацијата, али не е одобрено, така да ние имаме оваа година со наше барање, не само наставен кадар и бараниот технички персонал кој ни е потребен за такво лице кое може да ни ја обавува нашата работа во делот на нашето вработување. Причината е што нашите сметководители

држат школи, кај нас иде еднаш неделно, тоа е петок во нашето училиште, но некогаш може да се случе да има повеќе обврски во другите училишта и така да ни закаснуувааат многу работи тековни во нашата институција и ние по Планот и процентот кои ги бараме за вработување во Информатичко општество имаме проценти кои ни е е дозволено за оваа година колку може да побараме. Освен наставен кадар и технички персонал, ние стално бараме отприлика кои ни се дефицитарни инструменти кои ги немаме во нашето училиште како отсеци и така да го ставаме и ова работно место и затоа е побарано доколку се одобре. Значи не зависи од нас. Од ваша страна благодарам што е одобрено. Не е изгласано, добро извинете тогаш. Јас мислам дека.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Барањето е од буџетот на Општина Кавадарци или барањето е од.

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ:Не од Општина, барањето е Министерството за финансии

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Од Министерството за финансии

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Да, да. И Планот за, значи ние кога бараме, пак повторувам за вработување, Планот за нови вработувања ни е одобрен, но нема реализација пнатаму.Доколку има други прашања повелете.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: До каде е работата со средното образование во ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ .

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Фала исто на доброто прашање. Вака ние сме во, значи уназад ќе, од минатата година од оправадани причини, пошто ги добивме сите верификации, сета документација, но со мало закаснување од оправдани причини, не сакав да ја негирам директорката под која сме, под неа Илија Николовски Луј од Скопје, по недостаток на ученици од нивна страна и оние ученици кои идеа таму, наши кои беа, сакаа да се запишат во нашиот дел ги разубедуваа да останат таму, но со моментот сега што се случува оваа ситуација со овој штрајк, ние веќе изготвивме наши маркетинг пропагантен материјал, кој требаше овие две недели да почниме после празникот илинденски да одиме по општините, по основните музички училишта, по основните училишта за презентација на упис на новата генерација прва која ќе биде во Кавадарци и тука е застаната работата. Има сега паралелката не се отвара како што беше порано и Кавадарци е истуркан. Сега одиме во Скопје. Скопје објави оглас за упишување на сите ученици кои сакаат да учат средно музичко училиште, но во пријавата спрема стандардите на МОН за упис на ученикот во средно училиште треба да пишува само во пријавата дека треба да изучува во Кавадарци. Верувам дека тоа ќе го надминиме и

верувам дека овaa година ќе биде прва генерација, со наша заложба, верувам дека ние како, не само јас како директор и како наставници од нашето училиште, кои се распределени по тимови кои ќе одат за презентација и ќе ги видиме завршните резултати во после уписниот рок во првиот дел на издадени по дата на упис на следни ученици кои се запишуваат во наредната година.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Директоре јас имам едно кратко прашање. Како се вашите прогнози и очекувања за бројот на ученици кои што би се запишале во нашето Средно музичко училиште и дали нели би имале потреба од вработување на нов кадар за образување на тие ученици.

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Вака значи ние сега правиме презентација, пред се ние имаме веќе најава од општина Прилеп, нашата општина, од Гевгелија имаме најава за ученици кои што сакат да се запишуваат. Тоа е еден дел. Второто прашање е сега ќе ги видиме резултатите, значи од она ние што ќе направиме, нашата анкета за барање на нови ученици. Во делот на нови вработувања. Да. Ќе ни требат нови вработувања. Ќе ни требат, тоа е едно и ќе појаснам сега. Ние како основно музичко училиште сега пошто сме во склоп на Илија Николовски Луј од Скопје ние не можеме да бараме нови вработувања за овие општо образованите предмети. Тоа се мисли на историја македонска, англиски, италијански јазик, кои ги имаме неколку предмети такви и информатика, за физичко ќе имаме согласност е добиена и кај нас иде на работа тој. Значи општообразовните предмети, ние ќе доставиме барање како училиште до Илија Николовски Луј, кој он ќе ги побара, а тоа се во моментот за два, три часа, но доколку има во Кавадарци наставници кои ги немаат часевите за цело работно време, ние стоиме на располагање, а тоа ќе го видиме во прегледот во јуни, кога ќе заврши годината и на кој му недостасува часови за овие предмети што ги кажав, пак потенцирам значи, историја македонска, македонски јазик, информатика, италјански, англиски, има и изборен тоа се мисли на физичко, а имаме веќе тој предмет го имаме кај нас веќе е одбрано.Први ќе ги згрижиме нашите наставници во нашата општина кои немаат часови. Доколку се јави потреба од други барања ние ќе поткрениме барање како училиште до Илија Николовски Луј да побара за понатаму за добивање на согласност на нови вработувања за тие часеви, дали по 2 се просекот, негде 2, негде 3 и во зависност од годината, оваа година секако просекот од 2-3 часа.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи горе-доле некоја бројка, паралелка..

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Не се знае сега, не се знае уште.Да.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас до дирекстoрот сакам една сугестија, поради тоа што веќе ја отпочнавме постапката и делумно е одобрена во делот на паралелка за средно образование и мислам дека треба да гледаме и

менаџерскиот тим и раководството негово мислам дека ќе биде успешно спроведена постапката да имаме соодветен број на ученици во Кавадарци, да не се враќаме чекор назад, пошто тоа ќе ни биде последен обид за средно училиште. Во однос на Годишниот план за вработување една сугестија имам, поради тоа што сега сте основно училиште и мислам дека Кавадарци се 7, вие сте осмо училиште, основно образование имате книговодител и доаќање еднаш неделно, сега секако ќе преминете во средно, 3 се средни и вие ќе бидете четврто во средното, така да не гледам потреба да оптеретуваме буџет дали општински или републички во делот на книговодител, пошто обемот на работа, ни е за еден човек, а најмалку пак за стално вработување, кое што и до сега таа услуга ја делумно делите како училишта и средни и основни, а по моите информации кои што ги имам исполнетоста на сметководителите е транспарентна сега и до сега не сме имале никаква забелешка, ниту од ревизии, ниту по основ на доспевање на завршни наплати или било што, така да мислам да ја разгледате уште еднаш точката за вработување, трајно времено Мислам дека сепак имате книговодител. Да не го истрошиме книговодителот, да го вработиме, а да нема работа . Сепак тоа се ретки луѓе стручни кои што треба да работат.

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Благодарам Градоначалниче на убавите зборови. Јас само сакам како Совет и претходниот Совет да се заблагодарам на сета ваша соработка. Како музичко училиште кое вие не оскокнавте во еден дел на, нашето училиште да премине во ваква форма која ја имаме сега. Доколку мислите и тврдите дека така ќе биде, јас би се сложил. Повеќе би се фокусирал во делот на наставниот кадар, ако може тие ми се дефицитарни инструменти саксафон што ми е побарано и пијано за да се одобрат тие, за да може понатаму прбидејќи има потреба како наставен кадар во нашето училиште, прбидејќи има прилив на ученици и сеуште се бориме со тоа прибидејќи и сега во нижото училиште нашите наставници се преоптоварени прибидејќи 300 ученици имаме ние неполни, без 6 и некои наставници кои имаат фондот на 20 часа до 24 дури држат и повеќе, а тоа не е законски, спрема ДПИ. Така да ќе ми биде во големо значење да овие барања мои да ги оставарите. За сметководител може да го оставиме, еве јас апелирам да биде во мирување, но за наставен кадар да не се направе проблем, бидејќи има потреба од тоа. И ова е потреба прибидејќи кога ќе преминиме во средно школо обемот на работа ќе биде доволен, но еве нека биде малце од друга страна, а наставниот кадар да се изгласа.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ:Едно прашање сакам да поставам, да ја искористам приликата додека е тука директорот . Почитуван директор пред месец и пол отприлика директорот ме информира дека пратил допис

до Општината, до Советот, до Секторот Култура за реализирање на проектна задача на градски оркестар. Јас кога го прашав тоа прашање на Комисија за култура некаде на почетокот на март ми кажа дека нема такво нешто. Сакам да се информирам до каде е постапката со реализирање на оваа Програма, проект кој што сметам дека треба да се забрза и да се реализира што е можно побрзо.

ДИРЕКТОР ЗЛАТКО ЈОВАНОВ:Благодарам советниче. Исто добро прашање. Ние како училиште уште поодамна ние имавме градски оркестар, но со текот на времето. Тоа ни беше и работно место во нашето училиште, го плаќаа како СИС, ако памтат овие постарите. Тоа работно место премина во настава така да градските оркестри ги отстранија да не бидат во основните училишта, може да има само школски оркестри итн, но во нашиот град има потреба од таков оркестар и мојата заложба беше, јас направив елаборат и програма од делот на значењето на тој оркестар до финансова конструкција. Точно јас ја препратив тука незнам од кои причини не е доставено, но доколку барате јас ги имам документите, пак ќе ви ги доставам утре и ќе бидат доставени во Совет, бараме подршка. Таму финансовата конструкција е значи, на тој оркестар се мисле да биде професионален оркестар, значи нивните ингеренции ќе бидат не само од страна на погребална музика како што беше претходно градски оркестар туку ќе биде оркестар кој што го има Скопје и Битола, ние ќе бидеме трет град како општина, што ќе бидат професионални музичари, значи од 18 најмалку и натаму, со еден мал хонорар кој би коштал од човек, кои ќе бидат професионални музичари и сите академски граѓани, магистри од нашето училиште, исто невработени академци од нашиот град. Така да тие ќе бидат во делот на сите ваши случувања што ги имате како Локална Самоуправа и ќе бидат на сите културни манифестации вклучени . Потреба ваша, значи тие ќе свират од класична музика, значи стилови различни, прибидејќи тоа се професионалци и на ваши кога идат министри или делегации од странство, па ние може да застанеме тука мини оркестарот, тие сите оркестранти да ве очетиме како оркестар. Буџетот на тој оркестар ние го направивме да биде на годишно ниво околу 800 000 денара. Тоа се може многу пари за вака кога ќе ги кажеме, но за стимулација на тие луѓе за да доаѓаат на проби два пати неделно и кои ќе бидат отчет на градот, не само во нашиот град туку ќе бидат и пошироко и еве ви обеќав дека документите ќе бидат доставени. Јас тогаш пратив и до Совет на Општина Кавадарци, истиот допис го пратив до Градоначалникот, до Комисијата за култура. Зошто не ви се стигнати тоа е, незнам, значи треба да се праша архивата, али Елаборатот и Програмата ми е направена,сиот дел таму е наведено. Е сега време е и ваша одлука.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Само едно прашање во однос на, не за директорот, за администрацијата .Значи сега поарно да се гласа или да не се гласа. Да гласаме против или да гласаме за. Сега освен сметководител, се предвидува чувар и хигиеничар. Доколку гласаме против ние ги гласаме против вработување чувар и за вработување на хигиеничар. Дали постои можност за да ја извадиме точката од гласање и на наредниот Совет да биде нов План кој што со Заклучок е предложен од оваа дискусија или мораме да гласаме. До претседателот конкретно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Опцијата е може да ја извадиме цела точка, наредниот пат да се реформулира, стриктно да биде за хигиенчар, без сметководител.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакав малку да искометирам околу градскиот оркестар, кога зборевме со директорот уште прошлата година. Општина Кавадарци заслужува да има градски оркестар професионален, пошто има многу настани културно, културни настани во делот на, настани во делот на спортски итн. Јас би предложил на Советот заедно со Комисијата за култура да формира комисија, заедно со Елаборатот кој што го има изготвено директорот и да биде дел од таа комисија и директорот, да се разгледа Елаборатот, да има критериуми за зангажирање професионално на лицата кои ќе бидат вклучени во оркестарот, нормално во нивната стручна област, правила за користење на оркестарот и нормално буџетот годишен кој што треба да го определиме, нареден ребланс да го ставиме за тој оркестар. Зошто ова цело го зборувам. Затоа што еве и сами споменавте дека некогаш има официјални делегации, делегации од страна, да не испадне да го злоупотребуваме орекестарот сега за наши, ваши итн. За убаво да биде, ама да има Правилник за користење на тој оркестар во целост, да нема никаква злоупотреба и оние други критериуми кои што дали тоа ќе биде на јавен повик и кој ќе биде критериумот за учеството, односно за ангажирањето на уметникот во делот на музичарот во оркестарот. Мора да има некој критериум. Тоа сигурно би било над 15, 20 луѓе колку брои оркестарот. 18 луѓе кои што функционират да биде професионален . И исто така директорот е задолжен да плениминарно направе химна за Општина Кавадарци, да си има сопствена химна. Мислам дека неколку верзии веќе имат изработено во ова училиште заедно со неговите колеги . Така да нареден Совет или сето тоа на Комисијата да влезе, да таа химна биде дел од овој оркестар кој што треба да се формира.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Ние како Совет ќе побараме од општинската администрација барање за наредната седница да ни дадат информација до каде е Елаборатот стигнат за оркестарот и заедно со Комисија за култура.

Почитувани со тоа ја ставам точката на гласање. Може треба да ја изгласаме, а отпосле наредниот Совет со ново барање до Советот на Општина Кавадарци ќе биде со изземање само на сметководител.
Во ред точката ја ставам на гласање . Може да гласате против за Планот за вработување во СОМУ Лазо Мицев Рале. Комплетно како што е доставено од директорот на оваа институција. Против ќе ја гласаме и наредниот пат ќе си достават нова. 16 против. 1 воздржан.
Почитувани советници пристапуваме кон последната точка на денешниот Дневен ред на седницата на Советот на Општина Кавадарци. Тоа е од советникот Јован Златевски предлог за советнички прашања насочени кон Градоначалникот на Општина Кавадарци. Повелете претрес.
42. Советнички прашања
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Синоќа бевме во Глишиќ МЗ Глишиќ во ОУ за избор на членови на Совет на МУЗ Глишиќ. Во тоа училиште немаме услови да одржиме средба со граѓаните и средбата ја направивме пред училиштето, нема струја, нема услови, беа револтирани граѓаните, има игралиште детско каде што не е одржавано, деца си играат таму, у тија смисол. Што е планот. Што се планира со тоа училиште е првото прашање. Второ минатата година изгласано е на Советот тука на Општината од претходниот состав некои средства кои што треба да се употребат за прилагодување, приспособувањето на патот од Бојанчиште до Клиново. По неколку пати го поставувам тоа пршање и последните информации ми се дека механизацијата што беше однесена таму ќе се повлечува и ќе се носи на друго место. Дали таа одлука што била донесена од претходниот Совет фактички нема да се почитува или што е план со тие средства што се одобрени.И трето имаме еден случај каде што родителот сака да изврше пренос на имотот негов, во сопстевеност на неговите деца. Не може тоа да го направе од причина што не му било платен водениот надомест од страна на ЈП Комуналец. Имало поведено судски спор, спорот го добило ЈП Комуналец и на господинот му се одбиват средства на рати по судска пресуда од пензијата. За мене не е логично да не може да изврше пренос на имотот заради тоа што има веќе судска пресуда. Да нема судска пресуда е еден случај, а во овија случај кога има судска пресуда да не може, за мене е нелогично.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас би сакал да поставам едно прашање. Дали она што претставува надзор, видео надзор на градот дали Градоначалник вие имате можност по ваша волја да сечите и да дистрибуирате снимки од видео надзорот до одредени медиуми, до одредени фејсбук страници, да ги праќате, да ги дистрибуирате едноставно како Општина Кавадарци и ме интересира како одредени снимки од видео надзорот се најдија на медиуми.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Јас сакам да поставам прашање во врска со неколку крупни проекти што беа најавени а гледаме уште немаме почнато реализација или немаме реализација до кај се тие, што зависат и од Локалната Самоуправа и се во зависност од централната власт . Дали има нешто во врска со граничниот премин Пуљевац, што е долго најавуван, очекуван проект. Дали има некоја информација од централната власт што се случува со обиколницата, што треба исто така нели заедно со државата да се изграде, односно најголемиот дел треба да е нивна инвестиција, односно на Р.Македонија и трет дел до каде е со Градскиот затворен базен, бидејќи знаеме дека се пуштија машини, се расчисти, Општината го дади тој имот а, гледаме уште нема почнато. Има ли постапка, одобрено ли е или не. Тие се прашањата од мене.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалниче не загрижуваат неколку инфраструктурни проекти кои што се отпочнати, исто како што кажа и колегата Горан. Значи тоа е Дисанска, Западен Булевар, кој што е отпочнат и не е завршен и сега добив и слики дека има регионален пат кон Дреново, кој што е отпочнат, багерите имат израмнето, а немаат воопшто ништо инфраструктурно средено таму.Накај Дреново да, накај исклучок, значи патот е со механизацијата е проширен, но не е инфраструктурно среден .

Дополнително прашање ми е во неколку предизборни програми имаше и предлози за подобрување на состојбата на Фриленс пазарот со тоа што би се отворило еден Центар за млади, коишто би можеле да работат таму, да ги развиваат своите идеи и како еден бесплатен простор каде што можат за да не држат канцеларии под закуп каде што Општината може да им излезе во пресрет со дали со интернет, со простор канцелариски итн.Дали има нешто околу тоа. Не сум сигурен. На тоа ми се однесува мене прашањето. Младински работи, да,, но дали има таква можност во тие простории. Еве да се појасниме околу тоа .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Почитувани дали се исцрпени сите прашања кон Градоначалникот.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам советници на советничките прашања и вака лично кога се отварат вакви советнички прашања и теми за дискусии, за мене се позитивна дискусија, односно позитивни моменти, па макар и да негде сме и негативни или некаде не сме стигнале на време и тоа е добро да се дискутира и да биде транспарентно, затоа што и сите ние имаме по некоја слабост која што треба да ја подобриме. Би почнал од првиот советник г-динот Златевски. Глишиќ школото е вон употреба како школо за жал. Во претходниот состав на Градоначалник и Совет ми се чине 2013, 14 е изградено ново училиште во Глишиќ од монтажен карактер, али трајна градба и таму се префрлени дечињата да

функционираат уште од 2013, меѓутоа до 2017 ми се чине дека тоа училиште функционираше, али поради тоа што остана само едно дете, а беше под Тошо Велков Пепето како подрачно училиште во Глишиќ и тоа дете се премести во Тошо Велков Пепето со организиран превоз и за жал и тоа училиште новото е затворено како училиште. Би се вратил наназад новото училиште во нашата програма и во Програмата за комунална дејност е ставено да биде детска градинка за Глишиќ. Буџетски средства ни се обезбедени, мала е реконструкцијата и адаптацијата да биде градинка, а ќе сместиме 25, 6 дечиња кои гравитираат околу Глишиќ, меѓутоа таму имаме пречка, го чекаме новиот Закон за легализација пошто во 2013 година незнам како, меѓутоа тоа училиште е направено дивоградба, а е направено преку МОН и јас не би се впуштил во дивоградба да реновирам, а и нема да добијам согласност ни по еден основ, ниту во делот на градинка, ниту во делот на училиште. Старото училиште како училиште имаше повеќе теми. Ние побаравме од Министерството за образование да го пренамениме објектот за понатамошни ситуации на барање на жителите, на граѓаните, не добивме согласност од МОН. Единствено што можиме да се заложиме и тоа уште од утре кругот на училиштето да го средиме на наш трошок заедно со ЈП Комуналец, макар што не ни е тоа во програмата на самото училиште , да го средиме кругот и да го одржаваме како круг, внатрешното вложувања и инвестиции нема да ни бидат оправдани ни по еден основ, затоа што е вон употреба самото училиште ставено. За жал вакви објекти не е само во Глишиќ, имаме и во Марена старото училиште стое така, затоа се направи ново училиште, па горните села, скоро секаде училиштата се напуштени и јас кога би се прашал би дал согласност, меѓутоа не е до нас, ниту до Советот да тие училишта времено се пренаменат во некакви други објекти, кои што барем би имале функционална целина и би биле одржливи или би функционирале да не пропаѓаат како сега, како објекти кои што се во распад. Патот за Бојанчиште Клиново механизацијата не е повлечена, од денеска се почна да се работе Бојанчиште, Куманичево. Бојанчиште, Куманичево во должина од 4 км целосно ќе го реконструираме и тампонираме, али тоа е за Куманичево, Клиново не е заборавено и јас од денеска пошто ваа работа за Клиново подолго време се зборува и си зимам тука еве обврска главната болка на Клиново е реката која што треба да ја поминеме и да се направе мост. Имаме две идејни решенија направено, во меѓувреме ги правевме. Мост додека правиме тоа е категорија прва и треба да биде многу скапа изведба и проектирање од прва категорија и со одобрение од Министерството за транспорт и врски, а мислам дека и тоа нема да успееме да го изменацираме, пошто патот е, знаете дека е од 3, 4 категорија и тешко би дозволиле мост да направиме.

Има идејно решение кое што би го презентирал на вас и на другите од Клиново, кои што мислам дека е рационално и опфатливо да премин на таа река што нема постојан водотек, него е некоја долица река ја решиме со цевки од Фи2000 со повеќе од 20-тина цевки направени во вид на пирамида со делумен насип од тампон и претходна заштита да не доаѓа до лисја, гранки да се запуше и тоа еден ден го однесе како премин.Мислам дека таков проект ќе изготвиме и ќе ни биде полесно решение за да го направиме како премин.Исто таква наречени пропусти има направено на една друга долница, не во нашата Општина нашите инжинери беа го видоа тоа и е функционално и функционира повеќе од 10 години. Така да мислам дека на тој начин ќе го решиме, а со решавањето на тоа сите средства ќе ги намениме остатокот од средствата во делот на дотампонирање на патот после мостот и доуредување и еве јас и вие, пошто ве засега лично и Клиново ќе си земиме за обврска да тоа го менацираме заеднички, а после транспарентно пред Советот ќе го образложиме. Ова за судската судската пресуда што го кажавте не е логично доколку има судска пресуда и веќе си плаќа човекот судски налог, треба да се тргне тој товар и да си го префрле човекот имотот. Јас би ве замолил после да ми дајте податоци за кој предмет станува збор да провериме во службите зошто е така. Во делот, мислам дека тие беа трите прашања. Советникот Мелов, видео надзорот и како стигале, што стигале, не сум во тек со таа работа, видео надзорот се користе за општествени јавни цели и добра. Сензитивен е моментот на видео надзорот и многу одговорен и мислам дека треба прво да му дајме сигурност на граѓаните, а до сега не сме имале не дај боже некаков испад во за гарантирање на личната интима или слобода на движење во тој дел. Видео надзорот претежно го користиме за јавните интереси и по барање на делот на кривични или потешки прекршочни дела кога бара полиција или Јавно Обвинителство. Во делот на прегледување на видео надзорот имат овластување и дел од службените лица од МВР.При индикации на дела, сообраќајки комплицирани и други работи да имаат увид во видео записот за некои работи се разјаснат навремено или да не бидат погрешно насочени во делот на самата понатамошна постапка или истрага. Така да во тој дел имаат увид да речиме и во моментот за да го увидат тој запис за што се работи нормално. Вие веројатно ме прашувате пак за жардинеријата, ама таа нели ја заборавиме сега.Јас не сум пратил до медиуми снимки, ниту се од нашиот видео запис. 100% не се од видео записот. Не гледам тука ништо спорно, ама сигурно не се од видео записот. Пратите. Горан советникот граничниот премин Пуљевац, кој што е заеднички проект уште од прошлиот манадат заедно со Владата, со Министерството за надворешни работи на Р.Грција. На 5 мај имаме

состанок во Министерството за надворешни работи, заедно со претставниците и Комисијата од Р.Грција, во полн состав комисија.Ќе биде дискутирано за Маркова нога, за пуштањето на граничниот премин и втора точка е нашиот Пуљевац, граничен премин каде што треба да ги усогласиме ставовите и треба да ги усогласиме насоките за заедничките движења во делот на првично урбанизација, второ определување на нивото на граничниот премин, прва, втора, трета категорија и заедничките потреби на двете држави во делот на тоа дали ќе биде заеднички граничен премин или ќе биде поединечен граничен премин со тампон зона. Моите очекувања се да биде заеднички граничен премин како што ги имаме на помали премини, да не биде со тампон зона, него да биде едни објекти искористени од двете страни и веројатно прв момент ќе биде втор степен каде што ТИР поминување нема да имаме, тоа значи дека нема да имаме царинење на лице место, нема да имаме терминал, тие работи, него ќе биде за сообраќај до 12 тона и во делот на претежно патнички возила или товарни возила кои што немаат ТИР потреба. Така да работата таму, имаме одобрено 2 000 000 денара од Министерството за транспорт преку Влада, за урбанизација али не може да ја отпочниме, ако не се исконсолидираме заеднички во делот на тоа каде да ја отпочниме, да ја дефинираме точката за урбанизација и заедно со службите наши и со нашите комшии од Р. Грција ќе ги водиме заеднички проектите.Обиколницата. Ние побаравме нашиот проект кој што го имаме од 93-та или 4-та да биде ревидиран при Министерството за таранспорт и врски и Агенцијата за јавни патишта. Проектот е стар, меѓутоа е добар показател каде треба да се трасира самата обиколница со нормално моментални промени на самата обиколница заради настанатите промени во текот на тие 20,30 години на градежништво или на други субјекти. Уште нема одобрено проектирање. Очекувам за во нареден буџет или ребаланс заедно еве со сите пратеници тука од Кавадарци, со политичките партии да издејствуваме да стават буџет за правење на проект за заобиколница. Зборуваме за правење на проект. Значи не можеме да го правиме ние проектот пошто тоа ќе биде регионална заобиколница, регионален пат. Мора да биде под државно ниво.Очекувам да се ставе во буџет, да се направе тој проект, тој не е воопшто мал проект, али е врзан фактички со граничниот премин, пошто доколку го направиме би требало да од Витачево на Југо Комерц и од Југо Комерц да се спуштиме, односно да се заобиколи градот и да се спуштиме на Маренските уши и би бил врзан проект и со граничниот премин, меѓутоа и со самата обиколница за тешкиот товарен сообраќај за град Кавадарци. Така да очекувам во ребаланс да влезе буџет за проектирање. Базенот. Затворениот базен, местото кое што е определено за таа работа е поранешна Ла Луна. Тоа што

требеше како Општина да го завршиме, го завршивме, тендерот беше еднаш објавен за 6-те општини, оде во пакет, не оде општина по општина и беше поништен пред месец и пол, два од технички причини и веројатно промените на цените на берзата, пошто очигледно беше дека немаше да му успее тендерот на Агенцијата за млади и спорт по тие цени поради тоа што и самите материјали се покачени повеќе од 30, 40% у старт. Мои последни информации се дека тендерот е во завршна фаза, дека се спрема и во брзо време ќе биде негово објаување . Така да тука не верувам дека ќе бидеме изземени како град поради тоа што оде во пакет, 6 базени за цела Република, а втора фаза пак имат уште 6, така да мислам дека Агенцијата ќе се заложе за побрза реализација на самиот базен и очекувам до крајот на мај да биде распишано како тендер. Господинот Круме во делот на Дисанска му беше прашањето, во делот за Дреново, Младински и за Западен Булевар. Западен Булевар го реконструираме заедно со Министерството за транспорт и врски преку пари од Светска Банка, заем на Владата од 70, не 35 000 000 евра поделени по општините по процентуалност на жители на секоја општина. Јас видов еден прес имаше таму Манев во делот на реконструкцијата на Западен Булевар, а тоа е повеќе од месец дена, едната страна на Западен Булевар е изгребана и е стопирана реконструкцијата, па не знам Манев дали имате информации зошто е стопирана. Пошто бевте на прес.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Да, да бев на прес за тој проект дека е во целост финансиран од Владата во вредност од 6 312 000 денари. Конкретно зошто има застој во реализирањето ќе добијам официјална информација и ќе ве известам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Е тука е истиот момент и со Дисанска. Значи Дисанска, Западен Булевар ги правиме преку заемот кој што го зема Владата од 35 000 000 евра и го подели, не е финансирано од Владата, него е заем од Светска Банка или небитно. Тоа е добар проект за патишта и улици во општините во цела држава. Нема селективност, нема делење, по број на жители, по број на возила патнички, така се поделени тие средства. Ние добивме 1 150 000 денари за таа работа. Така ја правевме Илинденска, така ја правевме Браќа Досеви, тука заедницата беше, Пионерска, така го правиме сега и Западен Булевар и ја правиме Дисанска и на крај остануваат средства за Вељко Влаховиќ, дел на булеварот. Тие се наши одобрени средства, кои што треба на некој начин да ги вратиме преку Влада. Западен Булевар е стопиран од изведувачот. Ми се чини дека е Жикол компанијата е на преговори со Министерството за транспорт и врски за подигањето на цената за 30% на асвалт, поради тоа што тендерот, кој што го доби фирмата, го доби во месец декември. Поради сите попратни административни работи и со Светска Банка и со

Министерството беше воведен во работа во месец февруари, на крајот, односно март и он имал во договорот клаузула, каде што доколку цената на репроматеријалот во делот на асвалт, бетон или ред други работи се качи повеќе од 20% има право да си бара ребалансирање на договорот. Значи се чека одговор од Министерството и од Светска Банка да тие финансиски апликации ги надминат за да може да се пристапе кон асвалтирање. Во делот на Дисанска наидовме на три неочекувани работи, затоа што за жал поземен катастар, не во Општина Кавадарци, во цела држава има на многу ниско ниво. Испадна таму дека главната линија за Неготино е под ново трасираната лента. Излезе таму дека 20 киловолтен далновод, кој што го знаевме претходно поминува на ЕВН и на ИНЕЛ и на Телеком главната оптика, која што оде за Неготино и за транзит Росоман мине баш таму. Затоа се раскопа и тротоарот од десната страна. ЕВН си ги префрли каблите во десната страна на тротоарот, ИНЕЛ ги премести каблите исто и Телеком ги премести каблите. Нема пречка. Ако сте забележале сега и ивичнаците се веќе поставени, трасирана е коловозната лента, е трасирана до тампонирање и пак е застојот асвалт, значи истата фирма преку истата работа е застојот асвалт, нејќе да премине кон асвалтирање заради цените кои што ги има на договорот или на берзанските цени на бетомен и на нафтените деривати. Јас очекувам тоа дека ќе биде брзо за 10-тина, 15 дена ќе се најде решение, ќе се заврше и Западен Булевар во истовремено, ќе се заврше и Дисанска. Дисанска е слепа точка, го гледаме сите, ќе добие паркирање на една страна и две коловозни ленти, секогаш слободни за движење. Дреново се праве реконструкција заедно со средства одобрени од ТАВ Програмата преку Влада. ТАВ програмата имаше средства од 34 000 000 евра, кои што беа наменети за изградба на нов аеродром во Штип. Така беше концесијата земена од ТАВ. Меѓутоа затоа што Владата се откажа од изградба на аеродромот и тие средства Владата донеси одлука да ги преинамене и да ги финансира по Локалните Самоуправи преку ТАВ компанијата за изградба на капитални објекти. Аплициравме со три. Добивме два капитални проекти. Тоа е патот Дреново до регионалниот пат со должина ми се чине од околу 4 или 5 км и водоснабдувањето за Брушани. Во моментот подизведувач, моја информација е дека е Градба Промет, и на Брушани и на Дреново како заангажирана странка од ТАВ Инженеринг, значи немаме никакви допирни точки во делот на постапката. Единствено како засегната странка пошто сме апликанти и се работи во Општината е тоа што во делот на изведбата имаме забелешки, меѓутоа нивното укажување дека средствата пак не му се доволни, пак заради тија асвалт и бараат поголеми средства што јас на последниот состанок со ТАВ Инженеринг и со Градба понудив и кажав дека Општината може да

направе ребаланс заедно со Советот да донесе одлука доколку недостасуваат средства кои што они ги кажуваат некаде 10-тина % од вкупната сума дека треба да се дополне, а тоа се околу 3/ 4 000 000 денара за двата проекти да се завршат до крај. Јас верувам дека тоа ќе го ставиме во буџет и ќе го донесиме како коофинансирање од Општината за да се завршат и двата проекти, и Дреново и Брушани. Нема да биде тоа во мирување, ќе продолже. Младинскиот и користењето на таа бесплатна услуга, јас знам дека во Младинскиот Центар, кој што го отворивме над Паркинзи дека има можност за комплетна услуга во делот на интернет, во делот на ИТ технологијата, дури мислам дека имаше и апликација за некои финансиски средства за добивање . Тоа е проект заеднички со Агенцијата за млади и спорт и Општина Кавадарци. Ми се чине меѓу првите општини бевме кои што го стигнавме и коофинансирање имаме и од самата Општина таму дотирано . Така да ќе провериме и можеби малку маркетиншки подобро треба да го, кампања маркетиншки да го промовираме. Јас би спомнал уште 3 проекти кои што се отпочнати. Значи колекторот во Возарци е надмината имотно-правната работа и ќе се заврше, асвалтирањето од Чемерско до Бохула требе во набрз можен рок изведувачот да почне да работе. Другите сите тендери кои што ни се во програма, за овагодишна програма и најголемиот страв кој што го имавме у делот на проектанските цени, буџетираните цени, дали ќе има интерес од компаниите да изведат, пошто енергенсите, нафтата, дериватите отидија неколку пати со цена нагоре. Мои информации кои што ги имам од колегиум се дека Сектор за јавни набавки функционира и дека имаат повеќе од 5,6 компании на секој капитален проект кој што го имаме објавено на јавна аукција и сите се во фаза на еволирање , па после одат во фаза на аукција. Така да интересот постое. Верувам дека тие проекти ќе бидат како Западен Булевар, Лазо Асијата улица нова, асвалтирање на улицата меѓу турските гробишта и населбата тука со зградите пред паркот, Домовица сега горе се пробива со асвалтирање и после имаме по селските средини доста комунална изградба за работа. Јас очекувам тоа да биде во целост завршено и сега ни почнува сезоната од мај, јуни во делот на отпочнување на комуналната изградба во Општина Кавадарци. Јас би сакал уште едно само да спомнам. Имав намера овој Совет пошто, еве ја пропуштив како можност, не успеав до сега да го спомнам тоа, а не сакам да бидиме воздржани да не го кажиме. Сакав лично да го поканам директорот, екс директорот на ЈП Комуналец и да му се заблагодариме како Совет и како Градоначалник за неговото досегашно работење, меѓутоа да не беше поинаку разберено, не успеав да го изменаџирам заедно со вас или било како. Еве сакам од оваа говорница на екс директорот Ѓорѓи Поп Ицов, кој што беше 4 години со мандат во ЈП

Комуналец да му се заблагодарам за неговото несебично и макотрпно работење во самото претпријатие. Тоа е најмалку што можеме да направиме за него. Така да една благодарност од Општина Кавадарци и мене лично како Градоначалник, а на новиот директор да му посакам уште поголем успех и напредок во ЈП. Поради тоа што го очекуват доста предизвици. Нема да го оставиме да седе мирен на раат, него ќе го буцкаме да работе малку повеќе. И вам да ви се заблагодарам како советници и за советничките прашања и за сите убави зборови кажани денеска, за корпоративноста, за соработката во интерес на жителите на Општина Кавадарци .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Со тоа е исцрпен Дневенот ред и Десеттата седница е затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов